# ИНФОРМИРАЈ СЕ
# ЗА МИГРАЦИЈАТА
# И ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ



СОС

0800 1111

СОС ЛИНИЈА

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by:
giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

отворена порта

La Strada
MACEDONIA

# ОТВОРЕНА ПОРТА/ЛА СТРАДА

Отворена Порта е здружение на граѓани коешто ги промовира човековите права и ги претставува интересите и потребите на луѓето изложени на ризик или кои страдаат од насилство и трговија со луѓе преку спречување, социјална поддршка и застапување на национално ниво во Македонија и на европско ниво преку членство во Ла Страда Интернешнал - Европска мрежа против трговија со луѓе. Основана во 2000 година, Отворена Порта денес е признаена како водечка организација што обезбедува заштита, градење капацитети и интеграција на жртвите на трговија со луѓе и други ранливи групи во граѓанското општество.

Од август 2015 година (во Гевгелија) и од октомври 2015 година (во Табановце), мобилните тимови на Отворена Порта/Ла Страда обезбедуваат услуги за ранливите групи бегалци кои патуваат по западно- балканската маршрута, со поддршка на неколку партнерски организации, меѓу кои и Германската развојна соработка (ГИЗ). Мобилните тимови на Отворена Порта/Ла Страда работат да ги соединат децата со нивните семејства, да ги идентификуваат поединците изложени на ризик да станат или коишто се потенцијални жртви на трговијата со луѓе, ги советуваат и информираат бегалците и барателите на азил за ризиците, и обезбедуваат психо-социјална и емоционална поддршка во текот на нивното страдање, итн.

***НИЕ обезбедуваме заштита, зајакнување на капацитетите и интеграција на тргуваните лица и другите ранливи групи во општеството.***

# ПРИКАЗНИ НА БЕГАЛЦИТЕ

## СЛУЧАЈОТ НА ЗАХРА

*„Искуството е најдобриот учител, а јас научив дека не можам да верувам никому.“*

Захра е 15-годишно девојче од северниот дел на Нигерија. Таа и нејзината шестгодишна сестра биле одгледани од нејзината мајка, а татко и умрел пред две години. Животот на Захра во Нигерија бил многу тежок, поради тековната политичка нестабилност во земјата и економските маки.

Откако завршила средно училиште, на почетокот на 2016 година, Захра била убедена од својата мајка да ја напушти земјата поради економските тешкотии со кои се соочувало семејството и политичката нестабилност во земјата. Мајката на Захра го договорила нејзиното патување во Нигерија преку некое лице. Захра не го познавала тоа лице и не знаела дали мајка и платила за патувањето. Нејзиното крајно одредиште била Данска бидејќи таму живеел нејзиниот вујко. Патувањето од Турција за Грција, каде што вообичаено криумчарите ги пренесуваат бегалците од Турција на грчкиот брег во гумени чамци, влијаело врз менталното здравје на Захра.

*„Беше многу страшно, јас плачев и сакав да се вратиме бидејќи морето проголта многу животи.“*

Откако безбедно пристигнала во Грција, Захра го продолжила своето патување до Атина. Во Атина се сретнала со некој пријател од Нигерија, што живеел во стан со своето семејство. Захра не сакаше да каже дали платила за храна и сместување, таа само кажа:

*„Луѓето од Нигерија се грижат за твојот живот и безбедност.“*

Во Атина Захра добила дозвола за привремен престој за ограничен временски период од 2 месеци. Неколку дена подоцна, откако била згрижена во станот на својот пријател, таа решила да ја напушти Атина. Меѓутоа, за време на патувањето од Грција во Македонија, Захра доживеала непријатна ситуација. На патот запознала тројца луѓе што и понудиле да ја превезат до македонско-српската граница. Захра мислела дека луѓето сакаат да и помогнат, бидејќи таа патувала сама, и влегла во автомобилот. Таа не мислела или очекувала дека ова ќе се претвори во едно ужасно и страшно искуство за неа.

*„Во автомобилот едно од момчињата ме праша: „Дали си жедна“ и јас реков „Да“. Тој ми подаде вода, јас се напив и од тој момент натаму не се сеќавам што се случувало. Кога ги отворив очите се наоѓав во некакви грмушки и ги видов лицата на луѓето, бев врзана и кога прашав каде се наоѓам еден од нив ме удри по главата ... ве молам, не сакам да зборувам за тоа ...“*

Подоцна Захра разбрала дека се наоѓа во некое зафрлено село во близина на границата меѓу Македонија и Србија. По неколку дена, Захра успеала да им избега на тие луѓе.

*„Се сеќавам дека се стемнуваше и јас трчав и наидов на некои жители на селото и побарав помош од нив, а тие се јавија во Црвен Крст. Потоа Црвен Крст ме однесе во кампот во Табановце - Македонија и таму дојде полицијата.“*

# СЛУЧАЈОТ НА ЛЕЈЛА

Лејла е 25 годишна жена од Либан и патува со нејзиниот тригодишен син. Во однос на родовите улоги во Либан, според кажувањата на Лејла, жените имаат повеќе права во споредба со останатите арапски земји.

*„Либан е како вашата земја, можете да имате врски со момчиња и можете да пиете алкохол, како овде. Исто така, на жените им е дозволено да работат и да одат на училиште, наместо само да седат дома."*

Лејла завршила 9-то одделение и не го продолжила своето образование. Кога била дете нејзините родители се развеле и нејзината мајка требало да се грижи за неа и за нејзините браќа и сестри. Меѓутоа, веднаш штом мајка и се премажила, нејзиниот очув не сакал Лејла и нејзините браќа и сестри да живеат со нив, така што тие биле сместени во сиропиталиште, каде што Лејла останала додека не наполнила 12 години.

Лејла го напуштила Либан пред 7 месеци и таа кажа дека им платила на криумчарите за патувањето. Патот бил тежок за Лејла бидејќи патувала сама со својот син.

*„Го носев син ми на раце и раменици 8 дена и му давав некакви апчиња за да престане да плаче и да спие за целото време додека патувавме."*

Според кажувањата на Лејла, речиси никој од групата со којашто патувала не и помогнал. Маките на Лејла не завршуваат овде. Напротив, таа доживеала непријатна ситуација со криумчарите во Македонија.

*„Од Грција до Македонија им платив на криумчарите и кога нелегално ја минавме границата низ шумата, криумчарите ме грабнаа мене и моето дете и уште некои луѓе и не качија во автомобил."*

Така, наместо да биде префрлена во Србија, како што првично било договорено со криумчарите, Лејла и луѓето од групата биле грабнати и однесени во некое македонско село во близината на македонско-српската граница. Таа изјави:

*"Мафијата (криумчарите) не однесоа сите во некое место, мислам дека беше во некое село и куќата беше мала. Во куќата бевме сместени во една соба, сите ние, од Сирија, Ирак, итн., и мажи и жени и деца, сите заедно седевме во таа соба 3 дена. Едно лице од мафијата, што беше од Пакистан, ме одведе надвор од собата и веројатно сакаше нешто да ми направи, но за среќа бев спасена во последниот момент. Едно момче од Сирија им кажа на мафијашите дека сака да оди во тоалет, и тоа момче успеа да го отвори прозорецот во тоалетот и да скокне надвор. Тој побегна и повика полиција. Така, ова момче им помогна на многуте семејства што беа таму, бидејќи дојде полиција и ги фати мафијашите."*

# СЛУЧАЈОТ НА МАХМУД

*„Сакам да имам слободен живот. Луѓето доаѓаат во Европа бидејќи мислат дека Европа може да им понуди пари и безбедност."*

Махмуд е 30-годишен маж од Техеран, Иран. Тој го напуштил Иран поради политичката и економската нестабилност во земјата. Според Махмуд, иранското општество е многу патријархално и на мажите и жените не им е дозволено дури ни да разговараат во јавноста, освен ако не се роднини.Махмуд го напуштил Иран пред две и пол години и првата земја во којашто влегол била Турција. Патувањето од Иран во Турција било многу тешко и опасно за него, бидејќи патувал во камион, нелегално и без патни исправи.

*„Од Иран до Турција патував во голем камион; во тој камион се возев 20 дена и целото тело ме болеше бидејќи цело време лежев."*

Откако Махмуд пристигнал во Истанбул, тој преживеал многу тежок период. Еден месец бил без пари, храна и вода и спиел во станицата на метрото или на клупите во паркот.

*„Животот во Турција беше тежок и не беше како во камповите во Грција, со ќебиња, храна и место за спиење."*

Откако поминал две години во Турција, Махмуд решил да оди во Австрија, па така од Чешме, Турција, тој пристигнал во Хиос, Грција и еден човек од групата со којашто патувал му дал 35 евра за да патува со брод до Пиреја, Грција. Махмуд останал 40 дена во кампот во Пиреја, чекајќи неговите родители да му испратат пари за да може да го продолжи своето патување.

*„Мајка ми е многу добра; таа го продаде својот накит за 2200 евра за да ми овозможи да го продолжам патувањето."*

Во Пиреја тој стапил во контакт со криумчара и заминал со една група во Македонија. За Махмуд патот од Грција до Македонија бил мачен. Иако криумчарот му кажал дека патувањето ќе трае само две ноќи, тоа траело дури 6 ноќи.

*„Не знам дали знаете како изгледа тоа, може да видите од модринките на моите раце и гланки, исто така, скршив нога и заминав во Идомени, каде што останав 3 дена. Докторот беше многу добар со мене и ми кажа да останам таму еден месец но јас не останав затоа што требаше да ја поминам границата со групата."*

Нелегалното минување на грчко-македонската граница не било лесно за Махмуд, бидејќи тој одел низ шумата речиси 3 дена со скршена нога, а имал храна и вода само за една ноќ. Покрај тоа, криумчарите постојано викале по него, а понекогаш дури и го удирале со стапови ако одел премногу бавно. Кога групата влегла во територијата на Македонија, тие биле фатени од македонската гранична полиција и биле однесени во најблиската полициска станица. Тој изјави:

*„Полицијата не фати и јас бев одведен во полициската станица во 2 часот попладне а следното утро ме однесоа во прифатниот центар во Гази Баба."*

Махмуд останал неколку дена во прифатниот центар за бегалци Гази Баба, Скопје, и од таму има многу тешко искуство.

# ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА МИГРАЦИЈАТА И ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ!

## ПРАШАЈ, ПОМОГНИ, ПРИЈАВИ

**0800 11 111**
(Бесплатна СОС телефонска линија)

**+389 2 777 070**
(за повици од странство)

**+ 389 (0)77 811 191**
Мобилен телефон

lastrada@lastrada.org.mk
www.lastrada.org.mk